# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ

**ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2022**

ЈУЖНОАФРИКАНСКА ИНДИСКООКЕАНСКА ДИВИЗИЈА





AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Блесинг Чатамбуја, 31-годишна студентка по теологија на универзитетот Русанг во Замбија, кажува дека нејзиниот живот е сведоштво за изобилните Божји благослови. Можете да ја прочитате приказната на 12. страница од вашето списание.


**ЗИМБАБВЕ**

**4** Мисионер ми го промени животот 2 април

**6** Јас сум мртов човек, I дел / 9 април

**9** Јас сум мртов човек, II дел / 16 април

**ЗАМБИЈА**

**12** Благословувајте ги другите / 23 април T

**НАМИБИЈА**

**14** Ќе се сретнеме на другата страна / 30 април T

**МОЗАМБИК**

**18** Умрел за да живее / 7 мај T

**БОЦВАНА**

**21** Забави или Бог / 14 мај T

**АНГОЛА**

**24** Надеж среде пандемија / 21 мај T

**26** Вистинскиот Господов ден / 28 мај T

**29** Неочекуван предлог за брак / 4 јуни T

**31** Причина за живот / 11 јуни T

**34** Исфрлен / 18 јуни T

**37** Програма на 13-тата сабота: Чудна приказна / 25 јуни

**40** Идни проекти на 13-тата сабота


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело





Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беа употребени за изградба на менза за студентите на универзитетот Беир Адвентист во Мозамбик. И покрај пандемијата Ковид 19, работата напредуваше добро. Сликите се направени во јули 2021 година.


Seventh-day Adventist Church

© 2022 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се фокусираме на Јужноафриканската индискоокеанска дивизија (JAIOD), која ги вклучува: Ангола, Боцвана, Малави, Мозамбик, Сао Томе и Принципе, Јужна Африка, Замбија, Зимбабве и седумте острови во Индискиот Океан: Комори, Мадагаскар, Маврициус, Мајот, Реунион, Родригез и Сејшели.

Во оваа дивизија живеат 215 милиони луѓе, вклучувајќи приближно 4,2 милиони членови на Христијанската адвентистичка црква. Ова претставува сооднос од 1 адвентист на секое 51 лице.

Ова тримесечје, 6 проекти на 13-тата сабота ќе се реализираат во земјите од оваа дивизија (Ангола, Малави и Мајот).

### Специјални карактеристики

Ако сакате вашата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и нашата фејсбук страница: Facebook.com/missionquartelies.

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видеозаписот, кои ги изнесуваат искуствата на луѓето ширум светот, со посебен фокус на примателите на мисионски дарови на 13. сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на Интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видеоклиповите преку Интернет. Ние секоја седмица објавуваме дополнителни слики и занимливости што можете да ги преземете и прикажете во вашата класа на компјутер или мобилен телефон додека ги читате мисионските стории, или можете да отпечатите слики и да ја декорирате просторијата во саботната школа или вашата училишна табла.

Дополнителни информации и активности: Во делот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-страници кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации, можете исто така да ме контактирате директно:

mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка на мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што им помагате на членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со нивните духовни браќа и сестри низ целиот свет и што ги поттикнавте да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарови. Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

## Можности

***Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на:***

- Цркви и основни училишта во Белизе, Ангола.
- Блок машки спални соби на адвентистичкиот универзитет Хуамбо, Ангола.
- Центар и Советувалиште за борба против семејното насилство во Ломба, Ангола.
- Основно училиште во Луанда, Ангола.
- Мисионски центар на кампусот при Адвентистичкиот универзитетот Мзузу, Малави.
- Центар за подобар живот и FM радиостаница, Мајот.

# Мисионер ми го промени животот



ЗИМБАБВЕ / 2 април 2022

**Јуџин Фран**

Одењето на колеџот Солуси беше голем културен шок за мене. Бев првиот студент на расно мешани родители на кампусот, во доцните 70-ти. Имав и голема колекција на касети со афро и рок-музика и соодветен став.

Меѓутоа, адвентистичката црква препозна нешто во мене и ми понуди школарина на колеџот Солуси, кој се наоѓа во денешно Зимбабве. Мојот план беше да останам таму една година, а потоа да се префрлам на колеџот Хелдерберг во Јужна Африка. Сепак, по првата година решив да останам.

Бев просечен ученик на теолошката школа. Најтежок предмет ми беше грчкиот јазик. Морам да признаам дека највисоката оценка што ја добив беше „3“, а повеќето семестри завршував со „3-“ или „2“. Едноставно не можев да се усогласам со тој предмет. До последниот семестар се борев со професорот по грчки јазик Лео Рауни, љубезен мисионер кој беше строг во поглед на оценувањето.

Г-дин Раунио се спријатели со мене кога дојдов на училиште во 1978 година. Ме научи како да играм шах. Со часови игравме во неговиот дом. Тој е роден во Финска и служел како мисионер меѓу американските староседелци во Соединетите Држави, а потоа предавал на Универзитетот во Јужна Африка, пред да дојде во Солуси, во годините кога другите сакаа да одат во пензија. Тој сподели многу мисионски искуства со мене, а јас бев изненаден од неговата одлука да ја заврши својата работна кариера во училиштето Солус.

Кога го пишував последниот испит по грчки јазик, знаев дека тоа не беше доволно добро. Кога му ги предавав одговорите на прашањата, го погледнав во очи г. Рауни и му реков: „Докторе, повторно не напишав добар труд“.

Тој се насмевна и рече: „Во ред е“.

Во текот на целата наредна недела бев загрижен и разочаран, бидејќи знаев дека нема да можам да дипломирам ако не го положам грчкиот јазик.

Размислував за дипломирањето, бидејќи, меѓу другото, планирав да се оженам откако ќе дипломирам. Застрашувачка беше самата

помисла дека можеби ќе треба да поминам уште шест месеци повторно учејќи го грчкиот јазик.

Една седмица по испитот, г-дин Раунио ме повика во неговата канцеларија. „Те посматрам 4 години", рече тој. „Бев сведок на твојата промена, од ученик со радикално однесување и изглед, во млад човек кој напорно работи, а пред сè го сака Бога. Забележав дека дури имаше промена и во музиката на твоите касети, од рок во христијанска музика. Ги гледав промените во твојот живот, и како го прегрна Христа и ти стана уште поблизок".

Бев изненаден, мислев дека никој не ги забележа тие промени.

„Добро ги заврши испитите по сите други предмети и ги положи. Знам колку ти значи матурата. Знам дека се потруди да го положиш испитот по грчки јазик, но тоа не беше доволно. Сепак, сакам да ти укажам милост. Знам дека Господ има план со тебе во делото што ќе го работиш. Според милоста, ќе ти дадам оценка со која ќе можеш да дипломираш." Потоа се помоли Бог да управува со моите чекори во иднина.

Кога се вратив во спалната соба, паднав на колена и му се заблагодарив на Бога. Отидов кај вереницата и ѝ реков: „Со милоста Божја, ќе дипломирам!

Длабоко сум му благодарен на г-дин Рауни. Одеше напред,

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да го раскаже ова искуство како негово.
- Јуџин Франш почина во 2021 година откако се зарази со вирусот Ковид 19.
- Видете за Јуџин на YouTube: bit.ly/Eugene-Fransch.
- Лео Раунио почина околу две години откако Јуџин дипломираше во 1984 година, на 72-годишна возраст.

Преземете слики од Фејсбук: (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија на: bit.ly/Eugene-Fransch.

- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта 8 зборува за зајакнување на ученииштвото меѓу пасторите, учителите и другите работници во делото, овозможувајќи им да растат во верата и да напредуваат во работата. Целта на мисијата бр. 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се стремат да ја зачуваат слободата, здравјето на целото човечко тело и да ја зајакнат надежта преку Исусовото дејствување на обновувањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам": IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- Христијанството е главната религија во Зимбабве. 85% од населението се протестанти.

подалеку од сегашноста, и гледаше во мојата можна иднина. Го препозна потенцијалот во мене.

Господ ми помогна да работам следните 18 години како секретар за млади во Христијанската адвентистичка црква во Зимбабве. Потоа служев како секретар за млади во Јужноафриканската индискоокеанска дивизија. Имам и докторат по раководење.

Благодарен сум му на Бога што ми помогна да сфатам што значи милоста, кога му е потребна на некој што не ја заслужува. Примерот на г-дин Рауни ме научи да покажам милост кон другите луѓе, дури и тогаш кога тие не го заслужуваат тоа.

Дури и во Неговите најголеми гревови, Бог го гледа нашиот потенцијал. Тој нема да отстапи од нас поради нашата моментална состојба. Тој гледа што можеме да постигнеме. Ние сме повикани да гледаме подалеку од сегашниот потенцијал на другите луѓе, како што самиот Господ гледа на нив.

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе бидат наменети за двојно зголемување на трпезаријата на универзитетот, од 500 на 1.000 седишта. Ви благодариме за вашите мисионски дарови што ќе им овозможат на адвентистичките образовни институции како Солуси да ги подготвуваат младите луѓе да ја шират радосната вест насекаде на земјата за скорешното Исусово доаѓање.



ЗИМБАБВЕ / 9 април 2022

# Јас сум мртов човек I дел

Алфред Ц. Мачона

Не би требало да бидам жив по трагедијата на патот само два дена пред Божиќ во Зимбабве.

На 23 декември, заедно со мојата сопруга Фортунат тргнавме од главниот град, Хараре, да ги поминеме божиќните празници со нашите деца кои беа кај баба им и дедо им во друг град. Додека возевме, можевме да видиме толпа луѓе како стојат покрај патот, автостопирајќи и надевајќи се дека некој ќе им понуди превоз.

Среде предбожиќниот метеж автобусите беа преполни, а луѓето едвај чекаа да најдат начин да стигнат до своите дестинации пред празниците.

По патот препознавме една жена и застанавме да ја земеме. Кога влезе во автомобилот, таа побара од нас да земеме уште еден маж и една жена што стоеја таму со неа. Не ги познававме, но гледајќи ги нивните загрижени лица, се согласивме.

Така, тројцата патници седеа одзади, а јас и сопругата бевме напред. Кога сите се сместија, продолживме понатаму.

Одеднаш, сè стана темно. Следно на што се сеќавам беше дека појасот ми се затега. Не можев да се движам. Сè беше темно. Слушнав некои звуци, искривени гласови од далечина. Сфатив дека се случило нешто страшно. Почувствував како се тресе колата. Следно што слушнав беше сирена на брза помош или полициска кола. Неколку моменти подоцна почувствував како некој ме зеде и ме одведе до брзата помош. Медицинската сестра ме праша на кого може да се јави.

„Што се случи?“ прашав.

„Судир на патот“, одговори таа.

Ѝ дадов имиња и телефонски броеви на две лица – од пасторот и од старешината на црквата.

Во болницата пасторот бараше да ме префрлат во болницата во Хараре. Ја прашав медицинската сестра за Фортунат и дознавме дека пикапот што се движеше зад нас ја однел неа и другите патници во друга болница. Имала тешко внатрешно крвавење. Пасторот побара да ја донесат во мојата болница.

Беа ангажирани две возила на брзата помош, а јас и Фортунат бевме пренесени во болницата во Хараре. Последно на што се сеќавам беше дека ме ставија во брза помош.

Во текот на следните два дена, 24 и 25 декември, јас и Фортунат направивме бројни операции. Мојата сопруга имаше повреда на тенкото црево кое пукнало и предизвикало внатрешно крвавење. Хирурзите ѝ извадиле 40 сантиметри од тенкото црево. Левата рака и левата нога ѝ биле тешко повредени, а лекарите ѝ ставиле метални шипки.

Кај мене лекарите ми ставија метални плочки во левата подлактица и метални шипки во левата нога.

Најтешката операција на која се подложив беше извршена на мојот изместен ’рбет. Хирургот мораше да оперира низ предниот дел на вратот за да ми стави имплант на четвртиот и петтиот вратен прешлен.

Подоцна ми ја покажа рендгенската снимка на мојот ’рбет.

„Можете да ја однесете оваа снимка кај кој било радиолог во светот, а тој ќе ви го каже истото што ќе ви го кажам сега: „Вие сте мртов човек. Вашата рендгенска снимка покажува дека сте или мртви или целосно парализирани од вратот надолу“.

Две седмици подоцна, јас и Фортунат бевме отпуштени од болница на домашна интензивна физи-

## Во врска со искуството

*Замолете еден млад човек да го раскаже ова искуство како негово лично искуство.*

Гледајте за Алфред на YouTube: bit.ly/Alfred-Machona.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските информациии и брзи факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 8 зборува за јакнење на учеништвото меѓу пасторите, учителите и другите работници во делото, овозможувајќи им да растат во верата и да напредуваат во работата. Целта број 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат за слободите, здравјето на целокупниот човечки организам и зајакнување на надежта преку Исусовото дејствување во обновувањето на Божјиот лик кај луѓето. Повеќе информации за стратешкиот проект на адвентистичката црква „Јас ќе одам“ дознајте на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Водопадот „Викторија Фолс“, популарно познат како „Дим кој грми“, се наоѓа на границата меѓу Зимбабве и Замбија. Тоа е најголемиот водопад во светот.

кална терапија. Следните 6 седмици научивме повторно да одиме.

Тогаш слушнавме дека во таа несреќа на патот загинале пет лица. Судирот го предизвикал автомобил управуван од млад човек со голема брзина под дејство на алкохол. Во полицискиот извештај пишуваше дека јас возев со 90 км/ч, додека помладиот пијан возел со 170 км/ч.

Нашата пријателка што седеше зад мене, почина на самото место, додека двете лица што ги возевме починаа од повредите следниот ден. Во возилото што нè удри имаше тројца патници. Двајца од нив, пијаниот возач и постарата госпоѓа што седела зад него, починале на самото место. Третиот патник е пренесен во болница, па не знаеме дали преживеал.

Бевме шокирани од оваа информација. Бог ни ги спаси животите на неверојатен начин.

Чудата не застанаа тука, четири месеци подоцна, во април, можев да започнам со теолошките часови на Универзитетот Солуси, како што претходно планирав.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година беа употребени за Универзитетот Солуси да ја прошири својата менза од 500 на 1.000 седишта.

Ви благодариме за вашите мисионски дарови што им овозможуваат на адвентистичките образовни институции, како што

е Солуси, да обучуваат пастори кои ќе го објавуваат скорешното моќно враќање на Исуса Христа.

*Прочитајте повеќе за Алфред следната сабота*



Двете возила по сообраќајната незгода. Автомобилот на Алфред е во позадината.





ЗИМБАБВЕ | 16 април 2022

# Јас сум мртов човек II дел

Алфред Ц. Мачона

Откако служев како литературен евангелист 11 години, добив стипендија да студирам и да станам проповедник на Универзитетот Солуси во Зимбабве.

Меѓутоа, четири месеци пред почетокот на наставата, јас и мојата сопруга, Фортунат, имавме една сообраќајна несреќа и бевме тешко повредени. До денес се случија многу чуда коишто не ги разбирам.

Не ми е јасно како јас и жена ми го преживеавме директниот судир, иако седевме на предните седишта на нашиот автомобил, а тројцата што седеа зад нас, загинаа.

Не разбирам како не сум целосно неподвижен. Кога почнав со вежбите за физикална терапија, терапевтот ме праша дали сум човек посветен на молитвата.

„Да, зошто прашуваш?“, одговорив збунето.

„Рендгенот што го држам во рака, покажува дека си парализиран од глава до пети. Обично човек со ваква рендгенска снимка, всушност, би бил мртов. Ќе бидам многу внимателен со тебе бидејќи се плашам“, рече тој.

## Во врска со искуството

- *Замолете еден млад човек да го раскаже ова искуство како негово лично искуство.*
- Видете за Алфред на YouTube: bit.ly/Alfred-Machona.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) .
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Мисионската сторија ги раскажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 8 зборува за зајакнување на учеништвото меѓу пасторите, учителите и другите работници во делото, овозможувајќи им да растат во верата и да напредуваат во работата. Целта бр. 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат за слободата, здравјето на целокупниот човеков организам и зајакнување на надежта преку Исусовото дејствување во обновувањето на Божјиот лик кај луѓето.

## Брзи факти

- Во Зимбабве се употребуваат 16 официјални јазици, повеќе од која било друга земја – Чива, Чибарве, Англиски, Каланга, Коисан, Намбија, Ндау, Ндебеле, Шангани, Шона, знаковен јазик, сото, Тонга, Цвана, Венда и Ксоса. Шона и Ндебеле се најкористените јазици.
- Урнатините на градот Велики Зимбабве, стар град од доцното железно време, се под заштита на Светското наследство на УНЕСКО, како едно од најважните археолошки локалитети во субсахарска Африка. Направен е од три поврзани (сега уништени) комплекси, а целиот е изграден во камен.
- Зимбабве, според некои, се наоѓа на локацијата Офир, град спомнат во Светото писмо од страна на царот Соломон (градот од кој царот добивал слонова коска, злато и други вредни предмети).

Не го разбирам брзото пристигнување на брзата помош на местото на несреќата. Директорот на локалниот рудник за злато го возел својот пикап веднаш зад нас и ја видел несреќата. Итно ја повикал медицинската сестра што работела во рудникот за злато и ја замолил да дојде што поскоро со брзата помош од рудникот.

Не разбирам како три месеци пред несреќата добив црковна стипендија за студирање на Универзитетот Солуси. Без таа школарина, јас и жена ми не би имале средства да ги платиме болничките трошоци за нашето лекување и можеби би умреле. Нашите трошоци за лекување изнесуваа 36.000 долари. Тоа е огромна сума во Зимбабве.

Не знам зошто единствениот професионален хирург ортопед, кој можеше да ги оперира вратот и ’рбетот во Зимбабве, беше слободен тој ден и достапен додека резервирал авионска карта за лет до

Париз на денот на нашата несреќа. Ме оперираше наутро, а истата вечер одлета за Париз.

Често го прашувам Бога: „Зошто нѐ поштеди? Според сѐ што се случи, требаше да умреме на самото место".

Имам два можни одговори. Можеби јас и мојата сопруга не сме духовно подготвени да умреме, а Бог ни дал уште една можност да се подготвиме за Утрото на воскресение. Или можеби Бог нѐ спасил затоа што сѐ уште имаме работа во Неговото лозје.

Мојот молитвен живот многу се промени по сообраќајната несреќа. Многу почесто се молам и го молам Бога да ми даде сила постојано да правам добри дела. Го молам Бога да ми помогне во моите слабости, да бидам прав пред Него и подготвен да умрам во секој момент.

Исто така го молам Бога да не ја изгубам желбата да ја извршувам Неговата волја. Се молам: „Што сакаш да правам, дај ми сила и волја да го направам тоа".

Понекогаш грешам, но секогаш одам кај Бога и барам од него да ми прости за стореното, да ми даде сила да не ги повторувам таквите работи.

Се молам мојата заедница со Бога да биде блиска цело време. Да не се олади мојата ревност во исполнувањето на Неговата волја.

Не знам што направи Бог на 23 декември 2015 година и зошто го стори тоа за мене, но знам дека сѐ уште сум тука, и дека ќе Му служам во сите денови до крајот на мојот живот.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2015 година беа употребени за да се прошири мензата од 500 на 1.000 седишта на универзитетот Солуси.

Ви благодариме за вашите мисионски дарови што им овозможуваат на адвентистичките образовни институции, како што е Солуси, да обучуваат пастори кои го објавуваат скорешното моќно враќање на Исуса Христа.



ЗАМБИЈА | 23 април 2022

# Благословувајте ги другите

**Блесинг Чатамбуја, 31**

Моето име е Блесинг (Blesing, во превод Благослов) и мојот живот е сведоштво за прекрасните Божји благослови.

Моето семејство одеше во црква секоја седмица во Зимбабве, но ние не бевме премногу побожни. Како тинејџерка, сакав да му служам на Бога, и му реков на црковниот водач дека сакам да бидам во целибат за Христа.

„Дали имаш момче?“, ме праша.

„Не“, одговорив.

„Треба прво да ја искусиш љубовта, а потоа да се вратиш со таа идеја.“

Заминав, ја искусив љубовта и престанав да одам во црква.

На факултет запознав погрешни пријатели. Се пијанчевме, одевме на забави.

Кога имав 18 години, се заљубив во 21-годишно момче. Доживеав љубов, како што ме советуваше црковниот водач, и јас забременив. Во мојата култура, ако забремените, треба да останете со тој човек, па се преселив кај него и неговата мајка.

Тогаш сфатив дека работите не се како што очекував. Јас и мојот сопруг често се каравме.

Имавме две деца, но сепак се каравме. Не го знаев значењето на вистинскиот брак. И двајцата ги негувавме нашите соништа и очекувања, а неговата мајка постојано се однесуваше непријатно кон мене.

Почнав да одам во црквата на мојот сопруг во недела.

И тогаш се разболев, и отидов кај мајка ми на подолг период.

Во домот на мајка ми, во период од три дена, имав два необични, но идентични соништа.

Во двата сона слушнав сирени и видов луѓе како трчаат во различни правци. Видов и голема карпа која доаѓа од небото и стрела што покажува на крстот пред кој стоеја неколку луѓе. Ги слушнав зборовите: „Покајте се, зашто на светот му се ближи крајот“.

Бев збунета. Црквата на мојот сопруг никогаш не кажуваше дека на овој свет му се ближи крајот. Не знаев што значи овој сон.

Мојот сопруг исто така не ги разбираше овие соништа. Му реков: „Ќе го барам Исуса и кога ќе го најдам, ќе проповедам за Него“.

## Во врска со искуството

- Замолете една девојка да ја раскаже оваа сторија како нејзино лично искуство.
- Блесинг е втора година на теологија на Универзитетот Русанг во Јужна Замбија.

  Видете за Бласинг на YouTube: bit.ly/Blessing-Catambudza.

  Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq)
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за подучување и на поединците и на семејствата со помош на духовните материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на црковните верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, користејќи ги саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Целта бр. 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат да ја зачуваат слободата, здравјето на целото човечко тело и да ја зајакнат надежта преку Исусовото дејствување на обновување на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

Во 1903 година, В.Х. Андерсон, Џејкоб Деча и неколку други африкански работници, тргнале од мисионската станица Солуси во она што некогаш се нарекувале Јужна Родезија, за да побараат соодветна локација за нова мисионска станица. Откако поголемиот дел од своето патување го поминале пеш, а Андерсон за малку ќе умрел од дизентерија, тие пристигнале на територијата на поглавицата Монзе, 160 километри североисточно од Калом, тогашниот главен град. Шефот Монзе им подарил 2.200 хектари земја, на која подоцна никнала мисионската станица Русангу.

Замбија е претежно христијанска земја, иако има многу луѓе кои сè уште практикуваат традиционални верски обреди. Повеќе од 3/4 од населението се декларира како верништво со протестантски религиозни убедувања. Римокатоличката црква е застапена кај 20% од населението.

Но, каде би можела да го најдам Исуса?

Беше тешко да се најде работа во Зимбабве, па јас и мојот сопруг се преселивме во Боцвана. Додека бевме таму, сретнавме еден адвентист, старешина, кој ни понуди да ја проучува Библијата со нас. Во првото проучување, старешината ни кажа дека на светот му се ближи крајот и дека Исус наскоро ќе дојде.

Ни покажа неколку текстови од Библијата кои зборуваат за тоа. Конечно успеав да ги разберам моите соништа. Бев, многу среќна!

Со дополнително проучување на Библијата, го запознав Исуса од Библијата, се крстив и му се придружив на адвентистичкото црковно семејство.

Бев решена да ги следам моите убедувања дека треба да проповедам за Исуса. Го најдов, го запознав и сега сакав да им сведочам на другите луѓе за љубовта што Исус ја има кон нас. Решив да се запишам на универзитетот Русанга, адвентистичка образовна институција во Замбија.

За жал, мојот сопруг ме остави мене и нашите две деца се ожени со друга жена.

Работев напорно, чистев многу, многу дворови, за да соберам доволно пари за да ја платам школарината за првите неколку месеци од моите студии. Мајка ми ми помогна, а универзитетот ми дозволи да се вклучам во неговите работни активности, за да помогне да ја плаќам понатамошната школарина.

Решив да студирам теологија, да научам повеќе за Бога и да се подготвам да ги учам другите млади луѓе да ја имаат иста надеж како мене.

Без оглед на скромните одлуки што ги носиме во нашиот живот, Бог е секогаш подготвен да ни даде нова шанса.

Тој копнее да ни се открие. Тој сака луѓето да Го бараат и да им зборуваат на другите за Него.

Како што беше гласот во моите соништа, Бог нè повикува да го промениме правецот на нашиот живот, да се свртиме кон другата страна, кон Него.

Тој ни вели: „Покајте се, зашто крајот на светот е близу. Исус доаѓа наскоро!

Едвај го чекам тој ден.





# Ќе се сретнеме од другата страна

Окрчејн Матенгу, 31



Мојот очув често викаше кога се враќаше од работа.

„Мери!“ извика налутено.

Знаев што ќе се случи следно. Секогаш доаѓаше дома лут и ја тепаше мајка ми.

Јас и моите браќа и сестри дојдовме да ги посетиме нашите родители во еден мал град во Намибија. Тогаш имав 5 години. Со баба ми живееевме во село оддалечено 35 километри, а сега бевме на училиштен одмор.

Мајка ми беше зафатена во кујната. На својот грб го носеше во носилки мојот двегодишен брат, Томи.

На вратата од кујната се појави очувот. „Зошто сè уште не е завршена вечерата?“, извика удирајќи ја мајка ми во лице.

Плачејќи, таа потрча кон задната врата и излезе надвор од куќата, бегајќи од очувот. Ја следеше со голем стап во раката. Одеднаш, тој замавна со стапот и го фрли кон неа. Мајка ми го избегна ударот, но стапот удри во малиот Томи.

Додека крикот на Томи се пробиваше низ воздухот, мајка ми застана и извика: „Го уби мојот син!“

Соседите, кои во тој момент беа таму, ја опколија штитејќи ја од насилникот, а некој повикал полиција. Полицијата повика брза помош. Му ставија лисици на очувот и го приведоа.

Во болницата, на Томи му беше направена итна операција поради фрактура на черепот.

По операцијата, хирургот со солзи во очите изјавил дека момчето претрпело тешко оштетување на мозокот и дека левата страна од телото ќе му биде парализирана. Мајка ми и семејните пријатели се расплакаа кога ја дознаа оваа информација за состојбата на малото момче. Некој меѓу нив рече: „Можеме ли да се помолиме?

Подигајќи ги рацете, се помили: „Татко мој на небесата, јас не сум Илија, ниту тврдам дека сум посвет од луѓето во оваа соба, туку стојам овде под Христовата благодат. Те молам слушни ги молитвите на овие луѓе. Слушни ја силната болка во која се најдовме. Нека биде твојата волја во сè. Ова Те молам во името на Исуса Христа. Амин.“

По молитвата, во собата завладеа целосна тишина. Почувствував мир. Разбрав дека има Бог на небото. Овој човек го познаваше Бога.

Две седмици подоцна, малиот Томи беше пуштен од болница. Како што рече докторот, левата страна му беше парализирана. Тој едвај можеше да зборува.

Со месеци размислував за молитвата во болницата. Копнеев да зборувам со Бога на сличен начин. Една година подоцна, кога имав 6 години, почнав да одам во адвентистичката црква секоја сабота со еден од моите братучеди. За тоа време забележав дека верниците од црквата се молат како човекот во болницата. Изгледаше дека го познаваат Бога.

Во меѓувреме, животот на Томи беше исполнет со болка и страдање. Еден ден, кога тој имаше 12, а јас 15, седнавме под едно дрво и ја чекавме баба ми да го принесе ручекот. Одеднаш Томи се онесвести и падна на земјата.

Кога се освести, извика: „Умирам!“, потоа замолче и престана да дише.

Баба избезумено викаше некој да помогне.

Неконтролирано плачев. Се чувствував толку беспомошно.

Во тој момент се сетив на молитвите на човекот од болницата. Барав мир.

Мојата молитва беше кратка и фокусирана. „Јас сум млад“, реков, „немам сила да ја поднесам оваа болка. Дај ми уште една шанса да се подготвам за смртта на Томи“. Во моментот кога реков „Амин“, Томи кимна со главата. Три пати кимна со главата, а баба ми извика „Жив е“, а јас му се заблагодарив на Бога.

Десет години подоцна, се преселив во Виндхук, главниот град на Намибија, приклучувајќи се на адвентистичката црква, црква на молитвата, чиишто членови го познаваа Бога.

Еден ден, сестра ми се јави за да ми каже дека Томи е болен. Се сетив на моментот на мојата молитва и си помислив: „Време е. Времето истече“.

Се качив во автобус, и тргнав на пат долг 1.200 километри до болничкиот кревет на брат ми. Се бореше за живот, но сега нешто беше поинаку. Имаше мир.

„Времето ми истекува“, ми рече тој. „Му се молев на Бога. Ќе се сретнеме од другата страна. Продолжи да чекориш по патот на верата во Бога“.

Три дена подоцна, Томи почина. Сепак, неговите зборови и денес одекнуваат во моите уши: „Ќе се сретнеме од другата страна. Продолжете да го следите патот на верата во Бога“.

Дипломирав на универзитет со диплома за радиопродукција, а денес работам како менаџер на Адвентистичката светска радиостаница во Намибија. Верувам дека еден ден ќе го сретнам Томи од другата страна. Можете исто така да имате цврста вера дека ќе ги видите вашите сакани кога Исус повторно ќе дојде. До тој убав ден продолжуваме да чекориме по Божјиот пат.

Ви благодариме за вашите мисионски дарови со кои ќе помогнете да се шири радосната вест во Намибија и во Јужноафриканската индискоокеанска дивизија, дека нашиот Господ Исус доаѓа наскоро.

## Во врска со искуството

- Замолете еден млад човек да ја раскаже оваа сторија како негово лично искуство.
- Преземете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужноафриканската индиско-океанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на црковни верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, користејќи саботношколски материјали, списите на Елена Вајт. Целта бр. 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат да ја зачуваат слободата, здравјето на целиот човечки организам и да ја зајакнат надежта преку Исусовото дејствување на обновување на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првата адвентистичка активност во Намибија започнала во 1937/38 година, кога Џ. Ван дер Мерве ги водел евангелските состаноци во Виндхук, по што биле крстени пет лица. Немало адвентистичка активност до 1954 година, кога била основана мисијата на Југозападна Африка. Ј. Ј. Бекер бил единствениот пастор што живеел во југозападна Африка. Подоцна бил назначен за претседател на ова мисионско поле.

НАМИБИЈА



# Умрел за да живее

**Дејвид Диого де Викторија, 29**

Како млад човек, се придружив на група криминалци кои продаваа марихуана и други дроги во Ангола.

Бевме 13 луѓе во групата, а јас купував дрога од други за препродажба. Не користев дрога за себе, а набрзо и другите членови на групата почнаа да мислат дека се сметам себеси за подобар од нив, па водачот на групата ми пријде и ми рече: „Ако не пушиш марихуана со нас, ние ќе те претепаме“.

Што можев да направам? Почнав да пушам.

Со употребата на марихуана започна моето подлабоко навлегување во животот на криминалот. Веќе не купував само дрога од другите што ја предавав на групата, туку и самиот почнав да учествувам во провалување на автомобили, кражби во продавници и домови.

Територијата на која вршевме криминал беше во непосредна близина на главниот град на Ангола Луанда, а полицијата реши да преземе решителни чекори. За краток временски период беа убиени дванаесет членови од мојата група. Јас некако преживеав.

Не грижејќи се премногу, основав нова група со еден пријател. Сега бев водач, а во исто време и зависник од дрога и криминал.

Не се гордеам со животот што го водев. Околу 180 членови на различни банди беа убиени од полицијата. Имав над 40 пријави, а судот три пати ме осуди.

За време на моето трето престојување во затвор, за прв пат слушнав за христијанската адвентистичка црква. Еден верник од црквата редовно доаѓаше и ги посетуваше затворениците. Почнав да ја проучувам Библијата со него.

Меѓутоа, откако излегов од затвор, се преселив во куќата на тетка ми и набргу формирав нова криминална група. При еден грабеж на бензинска пумпа, нешто тргна наопаку, а еден чувар беше убиен. Кога

полицијата дозна дека сум кај тетка ми, дојдоа со многу службеници за да ме убијат.

Некако ја преживеав полициската рација. Спиев кога дојде полицијата, а не ме најде иако ја пребараа цела куќа. Тетка ми се исплаши и ми рече да ја напуштам нејзината куќа.

Така се преселив во подрумот на куќата на мајка ми. Мајка ми не сакаше да бидам водач на криминална група од подрумот на нејзината куќа, па ме одведе кај вражар, кој вети дека ќе ми помогне.

За некое време изгледаше како магиите на вражарот да дејствуваат. Четири месеци не користев дрога и не правев криминални активности. Мајка ми и другите членови на семејството беа многу среќни. Сепак, во петтиот месец се вратив на стариот живот, со уште поголем ентузијазам од порано. Мојот живот изгледаше безнадежен.

И тогаш, запознав еден човек кого сите го викаа Пимп. Целиот беше тетовиран. Со своето име и изглед можеше да биде гангстер како мене.

## Во врска со искуството

- Замолете машко лице да ја раскаже оваа сторија како свое лично искуство.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на црковните верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, користејќи ги саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Целта број 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат да ја зачуваат слободата, здравјето на целиот човеков организам и да ја зајакнат надежта преку Исусовото дејствување во враќањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Адвентната вест првпат била пренесена во Мозамбик во 1931 година, кога двајца студенти од адвентистичкото мисионско училиште Маламуло во Малави, дошле во нивната татковина португалска Источна Африка. И двајцата биле мисионски ориентирани и набргу им сведочеле на голем број луѓе. О.У. Гидингс и Макс Вебстер дошле во Мозамбик за да го истражат големиот интерес на луѓето за адвентната вест. Во 1933 година, Вебстер бил испратен во областа Замбези за да основа мисија. Во 1935 година, со дозвола на главниот гувернер, тој основал мисионска станица која ја нарекол Мунгулуни, што значи „Светлина“.

Меѓутоа, тој не зборуваше и не правеше работи како криминалец. Тој беше адвентист.

Еден ден, Пимп ми прочита стих од Библијата: „Сите оние што се управуваат по Духот Божји, се синови Божји“ (Римјаните 8,14).

Кога ги слушнав тие зборови, во мене се роди длабока желба да бидам Божји син. Се прашував: „Дали Бог има план дури и за мене?“

Почнав да ја читам Библијата со Пимп. Додека учевме, го запознавав Бога, сфаќајќи дека Неговата љубов е доволно голема за да ги покрие моите гревови. Исус ме сака толку многу што ги понел моите гревови на крстот и го дал својот живот за мене.

„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“ (Јован 3,16).

Мојот живот почна да се менува. Решив дека сакам да умрам – сакав да умрам за мојот стар начин на живот и повторно да се родам во Исуса. Му го предадов срцето на Исуса и се приклучив на христијанската адвентистичка црква во 2013 година.

Му благодарам на Бога што денес студирам на Адвентистичкиот универзитет во Мозамбик за да станам проповедник.

Моето семејство, соседите и пријателите ја критикуваа мојата одлука да го следам Исуса, но не ми е грижа. Сè што сакам е да му служам на Исуса до крајот на мојот живот. Моето срце му припаѓа Нему. Се молам да може да ме употреби за да доведе другите луѓе кај себе, вклучително и членовите на моето семејство.

Дел од даровите на 13-тата сабота пред три години беа употребени за адвентистичкиот универзитет во Мозамбик, каде што студира Давид, за да се прошири со изградба на нови училници и да се опреми со нова опрема.

Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје, кои ќе бидат употребени за 4 проекти во родниот град на Давид, Ангола, вклучувајќи ја и изградбата на адвентистичко училиште во Луанда, недалеку од местото каде што живеел.

Ви благодариме што планирате од цело срце да ги приложите даровите за оваа сабота.



# Забава или Бог

**Беси Лечина, 35**

Беси не можеше да разбере зошто изгледа како адвентистичката црква секогаш да е затворена кога поминува во недела, барајќи ново место каде што ќе може да го прослави Бога.

Изнервирана од тоа, застанала и започнала разговор со една млада девојка што стоела во дворот до црквата, во централниот дел на Боцвана.

„Кога е отворена оваа црква?“, прашала таа. „Зошто е секогаш затворено?“

„Тоа е адвентистичката црква“, одговорила девојката. „Но, не сум сигурна дека можеш да го славиш Бога овде. Тешко е да се биде адвентист“.

„Што значи тоа?“ прашала Беси.

Девојката објаснила дека верниците не одат на забави, не носат накит. „И тие сакаат да одат во црква во сабота“, додала девојката.

Во Боцвана, сабота е ден кога младите одат на забави.

Беси не можела да замисли да не оди на забави и да престане да носи накит. „Не можам да го славам Бога во оваа црква.“

Таа пораснала во нехристијанско семејство и знаела малку за Бога. Сепак, таа одлучила да стане христијанка за време на долгата пауза меѓу средното училиште и почетокот на студиите.

Посетувала многу цркви, а во тоа време забележала дека адвентистичката црква секогаш била затворена во недела.

Таа есен, Беси се преселила во главниот град на Боцвана, Габороне, за да студира. Набргу забележала дека нејзината цимерка Солофеланг, од собата во студентскиот дом, оди во црква секоја среда, петок и сабота, но Беси не обрнувала многу внимание на тоа. Одела на забави во сабота, и барала црква во која би одела во недела.

Црквите во кои одела не ја користеле Библијата и чувствувала дека не научила ништо ново.

По неколку месеци, Беси ја прашала својата цимерка: „Во која црква одиш три пати седмично?“

„Во адвентистичката црква“, одговорила Солофеланг. „Ја празнува саботата како ден за одмор“.

Беси внимателно ја погледнала својата цимерка и забележала дека

## Во врска со искуството

- Видете за Беси на YouTube: bit.ly/Bessie-Lechina.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Принципите на едноставност и скромност илустрирани во оваа мисионска сторија, го одразуваат основното верување бр. 22 на адвентистичката црква за„христијанското однесување“, кое гласи: „Ние сме повикани да бидеме побожни луѓе кои мислат, чувствуваат и дејствуваат во согласност со библиските принципи во сите аспекти на личниот и друштвениот живот. Нека Светиот Дух повторно го обнови карактерот на нашиот Господ во нас. Ние се занимаваме само со работи кои не ја валкаат Христовата чистота, здравје и радост во нашиот живот. Тоа значи дека нашата забава и слободно време треба да ги исполнуваат највисоките стандарди на христијанскиот вкус и убавина. Додека ги препознаваме културните разлики, нашата облека треба да биде едноставна, скромна и уредна, што им доликува на оние чија вистинска убавина не се состои во надворешно украсување, туку во непропадливиот украс на благиот и тивок дух“. Повеќе може да прочитате на: bit.li/SDA-FB22.

## Мисионски информации

- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на црковни верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, користејќи саботношколски материјали, списите на Елена Вајт. Целта бр. 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат да ја зачуваат слободата, здравјето на целиот човечки организам и да ја зајакнат надежта преку Исусовото дејствување на обновување на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христи-јанската адвентистичка црква„Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

не носи накит, а потоа се сетила на разговорот со девојката во нејзиниот роден град и си помислила: „Не би можела да одам таму“.

По кратко време, иако била навикната да оди во црква во недела, таа си поставувала прашања, која е причината што адвентистите се разликуваат? Решила да оди да ја посети таа црква во една прилика, но не во сабота.

Таа среда Беси отишла со Солофеланг во една просторија на универзитетот, каде што студентите адвентисти се собрале на богослужение.

Била импресионирана од изнесувањето на пасторот во врска со тема за бракот. Имала желба да се омажи еден ден.

Дознавајќи дека повторно ќе се зборува за бракот, таа дошла на собирот на адвентистите со својата цимерка и во петок.

Во сабота наутро, решила да појде со Солофеланг во црква, а по ручекот останала на проучување на Библијата. Од тој ден таа не престанува да оди во црква во сабота.

Животот на Беси почнал да се менува. Таа сфатила дека, кога го познаваш Бога, многу е лесно да одлучиш да не носиш накит, и да не одиш на забави во сабота. Научила дека може да разговара со Бога преку молитва.

Луѓето биле изненадени кога ги виделе промените во нејзиниот живот. Тие ѝ поставувале различни прашања. Со задоволство им раскажувала за својата новооткриена вера.

Беси се крстила пред крајот на универзитетската година. Нејзината цимерка плачела од радост додека Беси излегувала од базенот за крштевање.

Таа денес има 35 години и е мајка на три деца. Работи како професор на Академијата Истерн гејт (Istern Gejt/Источна порта), адвентистичка интернатска средна школа во северна Боцвана. Нејзиниот сопруг работи во истото училиште како менаџер.

Сведок е на многу промени во животот на нејзините ученици – слични на промените во нејзиниот живот.

„Понекогаш родителите ни носат бунтовни деца, но кога ќе го напуштат училиштето, сите стануваат различни, и децата и родителите. Родителите ни се заблагодаруваат за промените кај нивните деца.“

Академијата Истерн гејт (Eastern Gate) го дели земјиштето на кампусот со основното училиште Истерн гејт, кое било отворено со средства на 13-тата сабота во 2017 година.

Шестгодишната ќерка на Беси, Јоана, тргнала во прво одделение.

Беси пред сѐ сака ова училиште да ги води децата и младите кон Бога.

АНГОЛА | 21 мај 2022



# Надеж среде пандемија

**Антонија Мигел, 40**

Врусот Ковид 19 ми го промени животот.

Отсекогаш верував во Бога и од мали нозе почнав да се молам да ми помогне да најдам добар сопруг. Копнеев по маж кој ќе го сака Бога и ќе оди со мене во црква. Меѓутоа, големото прашање беше: во која црква да одиме?

Како дете, во Ангола, одев во црквата на моите родители и верно ги следев сите нејзини ритуали. Сепак, се чинеше дека нешто недостасува. Откако се омажив за прекрасен човек, решив да одам во друга црква. Четири години подоцна направив промена и отидов во трета црква. Меѓутоа, однатре се чувствував празно. Нешто недостасуваше.

Она што се случуваше во црквата, изгледаше како да не е поврзано со мојот секојдневен живот. Не бев сигурна дека Бог ми ги простил гревовите.

Не бев сигурна дека мојот карактер се менува и почнува да наликува на Христовиот. Освен тоа, мојот сопруг не одеше во црква со мене.

Во 2020 година целата земја беше затворена поради пандемијата Ковид 19. Црквите беа затворени и не можев да одам на богослужба. Барав богослуженија на Јутјуб, и најдов две програми што ги водеше проповедник на христијанската адвентистичка црква на ТВ каналот „Надеж".

Додека гледав, внимателно ги споредував библиските стихови со оние запишани во мојата Библија. Сфатив дека навистина не ја познавам доволно добро Библијата. Она што ме натера да размислувам е колку пати во неа се споменува саботата.

Како што гледав, имав чувство како еден од пасторите да ми се обраќа лично со зборовите: „Што сакаш да следиш – зборовите што ти ги кажуваат луѓето или Божјата реч напишана во Библијата?"

Ова прашање често ми доаѓаше во мислите. Од дното на моето срце одговорив: „Сакам да го следам она што Бог го кажува во Неговата реч".

Се сеќавам дека една млада жена, која дојде да ми помогне околу средување на куќата, кога почна со работа, работеше секој ден но бараше во сабота да биде слободна бидејќи одеше во адвентистичката црква. По некое време, таа престана да оди во црква и почна да работи во сабота.

Кога по некое време станав свесна за важноста на саботата, разговарав со оваа млада жена.

„Веќе не одиш во црква и подготвена си да работиш во мојата куќа во сабота. Ако престана да одиш во црква поради работата, сакам да те замолам да размислиш уште еднаш. Од сега ќе работиш од понеделник до петок бидејќи саботата е свет ден“.

Дотогаш, ограничувањата околу пандемијата беа олеснети, па оваа млада жена можеше да оди во црква. Денес таа ги проучува основните библиски вистини и се подготвува за крштевање.

Во меѓувреме, сакав да дознаам повеќе за саботата и се јавив на адвентистичкиот проповедник, чиј телефонски број можев да го најдам на интернет. Звучеше мошне пријателски. Љубезно ми понуди да прочитам неколку книги. Почнав да ја празнувам саботата, а се крстив во 2021 година.

Денес јас сум нова личност и мојата промена продолжува со секој изминат ден. Сега знам дека Господ ми ги простил гревовите. Знам

## Во врска со искуството

- Замолете едно женско лице да ја раскаже оваа сторија како нејзино лично искуство.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на црковните верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, користејќи ги саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Целта број 4 зборува за зајакнување на адвентистичките институции кои се борат да ја зачуваат слободата, здравјето на целиот човеков организам и да ја зајакнат надежта преку Исусовото дејствување во враќањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првиот адвентист што отишол во Ангола бил В.Х. Андерсон, кој дошол во Ангола во 1922 година за да ја истражи можноста за основање на мисионското дело. Следната година, заедно со Т.М. Френч, Ј.Д. Бејкер еден месец патувале низ целата држава и одбрале парче земја во подрачјето Лепи, на централното плато. Во 1924 година била основана мисијата во Ангола при Јужноатлантската унија. Анголската унија е основана во 1928 година, а нејзин прв претседател бил Андерсон од 1924 до 1933 година.

Првата адвентистичка радиопрограма во Ангола била организирана во 1953 година. Од 1963 година, програмите „Глас на пророштвото“ се емитуваат седмично од 6 различни локации.

дека Тој го обликува мојот карактер за да биде сличен на Неговиот.

Придружете ми се во молитвите за мојот сопруг, да се сретне со Бога и да оди со мене во црква секоја сабота.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за 4 проекти во Ангола, вклучително и изградба на адвентистичко училиште во Луанда, црква и основно училиште во Белизе, центар и советувалиште за борба против семејното насилство во Ломбе, и блок со спални машки соби на адвентистичкиот универзитет „Ангола“ во градот Хуамбо.

Ви благодариме што планирате да издвоите и великодушно да ги приложите вашите дарови.



АНГОЛА | 28 мај 2022

# Вистинскиот ден Господов

**Кристина Вита Кавимби Фераз, 21**

Пораснав во проповеднички дом каде што бев запознаена со Бога, но не и со саботата како Негов седми ден.

Татко ми, пастор на Евангелската црква, ме научи да ги почитувам сите религии, но не сакаше да влезе во Адвентистичката црква во нашиот град, во близина на Луанда, во Ангола. Слушал негативни коментари од луѓето за таа црква и тоа го исплашило. Тој ми забрани мене, како и на другите членови на нашето семејство, да одиме во таа црква.

Како возрасна девојка, се преселив за да работам во друг град. Живеев со вујко ми и неговото семејство.

Почнав да ја проучувам Библијата со моите колеги на работа за време на паузата за ручек. Овие проучувања ги водеше еден адвентист. Освен него, сите други мислеа дека неделата е вистинскиот Господов ден.

Ме збуни неговото тврдење дека саботата е библиски Господов ден. Сакав да дознаам повеќе за тоа, па тој ми даде една адвентистичка книга и неколку снимени предавања одржани од адвентистички евангелист. Книгата ја прочитав и предавањата ги одгледав. Тогаш во мене се крена голема борба околу тоа дали да ја празнувам саботата или неделата.

Еден ден, враќајќи се дома, ги најдов моите роднини како ги гледаат евангелските предавања од моето ЦД.

„Кој е овој проповедник?“ – праша вујко ми. „Тој е толку интелигентен, зборува само за она што е напишано во Библијата!“

Си помислив: „И јас сакам да верувам во она што го вели Библијата“. Тогаш почнав сама да ја проучувам. Додека читав, решив дека не сакам да ги следам човечките традиции, туку да ја барам и да ја следам Божјата волја.

Враќајќи се во мојот роден град, побарав средба меѓу татко ми и другите црковни водачи и им ги запознав со новите вистини што ги научив од Библијата. Зборував за седмиот ден од саботата, за тоа да се биде свет, и од времето на создавањето – „И на седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела, што ги направи. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во него се одмори од сите Свои дела, кои ги создаде Бог и ги направи“ (1. Мојсеева 2,2-3).

Бог со својата рака ја врежал на карпата на која се наоѓале другите Негови заповеди. „Помни го саботниот ден, за да го осветуваш. Шест дена ќе работиш и ќе ги вршиш сите свои работи. А седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог. Тогаш никаква работа не ќе работиш: ни ти, ниту твојот син, ниту твојата ќерка, ни твојот слуга, ниту твојата слугинка, ниту твојот добиток, ниту странецот што е внатре во твоите порти. Зашто во шест денови Господ ги направи небото и земјата, морето и сè што е во нив, а на седмиот ден се одмори. Затоа Господ го благослови и го освети саботниот ден“ (2. Мојсеева 20,8-11).

Ги потсетив дека Исус верно ја празнувал саботата како седми ден додека бил на земјата, а Неговите ученици го следеле Неговиот пример откако Тој се вознел на небото.

„Зошто не зборувате за овие вистини во нашата црква?“ го прашав татко ми.

Додека татко ми слушаше, другите црковни водачи признаа дека знаеле дека сабота е седми ден, а не можеле да објаснат зошто повеќе сакале да ја слават недела. Меѓутоа, тие ме предупредија да не се приклучувам на адвентистичката црква.

„Ќе ја изгубите својата служба во нашата црква, ако го направите тоа“, рече еден.

„Ако останам во службата, јас ќе ги изнесувам само вистините од Библијата“, одговорив. „Ќе ја изнесувам адвентната вест“.

Збунети од мојот настап, црковните водачи испратија писмо до локалната адвентистичка црква, дека сум ги прифатила нивните учења, но дека не сакам да станам адвентист.

Без оглед на сè, продолжив да ја проучувам Библијата и набргу бев крстена од адвентистичкиот пастор.

Се омажив за човекот кој ме научи за важноста на саботата, додека ја проучував Библијата на работа за време на паузата за ручек. Срцето ми е исполнето со радост што се крстија и тројцата мои браќа. Татко ми и мајка ми ги проучуваат библиските вистини и верувам

дека наскоро и тие ќе се крстат.

Ве замолувам да се молите за нив, како и за другите членови на семејството, да бараат поцелосно да го запознаат Бога, во согласност со она што го вели Библијата.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за 4 проекти во Ангола, вклучително и изградба на адвентистичко училиште во Луанда, црква и основно училиште во Белизе, центар и советувалиште за борба против семејното насилство во Ломбе, како и блок машки спални соби на Адвентистичкиот универзитет „Ангола“ во градот Хуамбо.

Ви благодариме што планирате да издвоите и приложите великодушни средства на слава на Бога и за да го поддржите Божјето дело.

## Во врска со искуството

- Замолете едно женско лице да ја раскаже оваа сторија како нејзино лично искуство.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 е да се оживее концептот на светската мисија и жртви за мисионство како начин на живот што ги вклучува не само пасторите, туку и секој член на црквата, младите и старите, во радоста на сведочењето на Христа и создавањето ученици. Целта број 5 зборува за поучување и на поединците и на семејствата со помош на духовните материјали. Оваа цел продолжува да го зголемува бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, користејќи ги саботношколските материјали, списите на Елена Вајт. Целта број 4 зборува за јакнење на адвентистичките институции кои се борат за да се сочува слободата, здравјето на целокупниот човеков организам и јакнењето на надежта преку Исусовото дејствување во обновувањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Ангола била последната држава во Африка која се здобила со независност од Португалија на 11.11.1975 година. По стекнувањето независност, избувна граѓанска војна, која траеше од 1975 до 2002 година, во која загинаа милиони Анголци.

Ангола можеби е земјата од која потекнува фризурата со дредови. Жените од племето Мвила ја покриваат косата со мешавина од здробена кора од дрво, масло, путер од сушен кравји измет и зачински билки, а потоа формираат низа дредови, во зависност од нивната возраст. Дредовите често се обоени со црвено каменест прав.



# Неочекуван предлог

Есмералда Жоао Мело, 27

Татко ми беше верник на една христијанска деноминација, а мајка ми верник во друга, во Луанда, главниот град на Ангола.

Како дете, една недела одев во црква со татко ми, а следната со мајка ми. Меѓутоа, кога наполнив 18 години, престанав да одам во црква. Престанав да пеам со хорот во црквата на мајка ми и да учествувам во младинските активности во црквата на татко ми.

„Зошто повеќе не одиш во црква со мене?“ праша мајка ми.

„Не се чувствувам удобно“, одговорив.

„Тогаш најди црква каде што ќе се чувствуваш удобно. Дај му шанса на Бога“.

Сепак, бев повеќе подготвена да му дадам шанса на светот.

Кога мојата постара сестра се сврши, нејзиниот свршеник и таа некако дојдоа до точка да добиваат брачен совет од проповедникот на христијанската адвентистичка црква. По венчавката, тие решија да одат во адвентистичката црква. Сестра ми често ми испраќаше интернет линкови со библиски предавања.

Некаде во тоа време почнаа да се случуваат низа неочекувани настани. Една пријателка ме повика да му го предадам срцето на Бога. Знаев дека се моли за мене, а нејзините зборови ми го разнежија срцето. Истата седмица, друга пријателка ме молеше да живеам за Бога, велејќи: „Светот не е добро место, предајте му се на Бога“. Таа се молеше со мене, барајќи од Бога да ми даде добар, богобојазлив сопруг. Нејзините зборови го допреа моето срце.

Неколку дена подоцна, мојата постара сестра ми кажа дека почувствувала дека Бог ѝ порачува да ми каже: „Кога ќе му речам на безбожникот: 'Ќе умреш', а ти не го опоменеш и не го одвратиш од неговиот лош пат за да му го спасиш животот, тој ќе умре за своето беззаконие, ама јас ќе барам од тебе сметка за неговата крв. А кога ќе го опоменеш безбожникот, а тој не се одврати од беззаконието и од својот лош пат, тој ќе умре во своите беззаконија, а ти ќе го спасиш својот живот“ (Езекиел 3,18-19).

Срцето ми застана кога сестра ми ми ги прочита овие стихови. Се обидов да се одбранам, „Одам во црквата на мајка ми“, ѝ реков.

„Но, таму не се чувствуваш удобно. Оди во адвентистичка црква.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 2 зборува за зајакнување и диверзификација на мисионските активности во големите градови, како и меѓу нехристијанските религии. Целта на духовниот раст бр. 5, „За живот исполнет со дух на учениците, поединците и семејствата“; Целта бр. 6, „За зголемување на пристапот, задржувањето и учеството на децата, тинејџерите и младите“. Целта на духовниот раст бр. 7, „Да им се помогне на младите и на возрасните да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Проектот за отворање на училиште во Луанда ја илустрира целта на Мисијата бр. 4, „Да ги зајакнеме институциите на Христијанската адвентистичка црква во зачувувањето на слободата, целокупното здравје и надежта преку Исусовото дејствување во обновувањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Животните кои можат да се најдат во саваната во Ангола се: биволи, слонови, жирафи, нилски коњи, хиени, леопарди, лавови, мајмуни, антилопи, зебри итн. Меѓу инсектите кои можат да се најдат се и комарците и мувите кои можат да бидат носители на сериозни болести.

Оди во која било адвентистичка црква во градот, дај му шанса на Бога“.

Ветив дека ќе појдам во адвентистичката црква следната сабота. Но, не заминав затоа што бев повикана на работа. Работев следните три саботи.

Кога ми се јави сестра ми и ме праша дали сум била во црква, јас ѝ објаснив дека имам многу работа. „Некои работи Бог не ги благословува“, одговори таа. „Работиш напорно за ништо. Треба да ја оставиш работата настрана, а да го ставиш Бог на прво место во твојот живот“.

Не бев сигурна што да правам, но престанав да работам – не по моја слободна волја. Се разболев.

На клиниката докторот добро ме познаваше, бидејќи ме лекуваше четири години. Имавме добри односи, доктор – пациент. Меѓутоа, овој пат ме изненади. На преглед одеднаш ми ја побара раката, односно ме запроси. Никогаш порано тој не пројавил интерес за мене, а јас никогаш не мислев на него како на мој иден сопруг. Меѓутоа, кога ме запроси, ми се допадна идејата да бидам негова сопруга.

„Би сакала да се омажам за тебе“, одговорив. Тој се насмевна: „Јас сум верник во адвентистичката црква и би сакал и мојата сопруга да биде адвентистка“.

Се насмевнав: „Нема проблем“, одговорив.

Навистина така мислев. Многу неочекувани работи се случија во текот на изминатите неколку седмици.

Две мои драги пријателки и мојата сестра ме поттикнуваа да му го дадам срцето на Бога. Една се молеше на Бога да најдам богобојазлив сопруг, а сестра ми сакаше да одам во адвентистичката црква.

Сега еден адвентист, лекар, ме запроси, барајќи од мене да се омажам за него и да се придружам на адвентистичката црква. Повеќе не можев да одолеам на Божјиот повик. Почнав со проучување на основните библиски вистини.

Денес, јас сум верник во адвентистичката црква, но не затоа што сум оженета за адвентистички лекар, туку затоа што Бог ме повика да му се придружам на Неговиот народ кој ги држи Неговите заповеди и ја има верата во Исуса. Моето срце денес му припаѓа Нему.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на адвентистичко училиште во градот на Есмералда, Луанда, во Ангола.

Ви благодариме што планирате да приложите великодушни дарови за Божјото дело.



АНГОЛА | 11 јуни 2022

# Причина за живот

**Граса Муне, 25**

Иако сум роден и израснат во христијанско семејство, никогаш не сакав да одам во црква во Луанда, Ангола. Како момче, правев сè што можев за да избегнам да посетувам верска настава, што требаше да ме подготви за крштевање во мојата црква.

Како тинејџер се заљубив во рок-музиката и ја копирав облеката и начинот на живот на рок-музичарите. Во исто време, бев фасциниран од сатанистичките симболи. Мислев дека овие симболи означуваат супериорност и бунт и ги исцртував по целото мое тело.

Во средно училиште, мојот најдобар пријател беше готик. Го прифатив готскиот начин на живот. Носев црна облека, а ноктите си ги фарбав

црно. Мојот пријател исто така сакаше рок-музика, тој ја украси својата спална соба со постери на рок музичари и сатанистички симболи.

Набрзо бев вовлечен во кругот на алкохолот и марихуаната. Се залагав за атеизам и отворено кажав дека Исус е само мит. Подоцна почнав да свирам рок-музика. Запознав колега музичар кој тврдеше дека склучил пакт со ѓаволот. Ми се допадна таа идеја. Една вечер, му реков на сатаната дека му ја предавам мојата душа во замена за успех.

Меѓутоа, тогаш мојот живот се распадна. Мајка ми умре ненадејно, а татко ми, алкохоличар, пиеше уште повеќе. Како најстар од четирите браќа, одговорноста да се грижам за семејството падна на мене. Се чувствував како да се задушувам под товарот на невозможните проблеми.

Среде таа криза, си ветив дека повеќе нема да пијам и нема да пушам.

Почнав да му се молам на Бога и ја напуштив музичката сцена. Почнав да излегувам со девојка која ме запозна со адвентистичката црква и отидовме заедно во црква.

Кога раскинавме, се вратив кај моите стари пријатели, а набргу потоа и на старите навики. Сепак, не чувствував задоволство. Многу ноќи поминував пијан или дрогиран. Мислите за самоубиство ми го исполнија умот. Мојот живот изгледаше толку празен и безначаен. Плачев во агонија. Се сетив на Бога и се молев за помош. Се чувствував како да умирам, дека ми остануваат уште само неколку дена живот. Ѝ кажав на мојата нова девојка за моите проблеми, а таа и го спомна моето име на својот роднина. Нејзиниот роднина се вратил во Ангола некое време пред тоа, откако се стекнал со диплома по психологија. Братучедот станал и член на Адвентистичката црква додека студирал во странство.

Кога се состана со мене за советување, тој ми рече да го градам мојот живот само на Бога, објаснувајќи ми како да го направам тоа.

Решив да го ставам Бога на прво место во мојот живот. Почнав да развивам здрави навики.

Се навикнав да се молам пред да донесам одлука, барајќи ја само Божјата волја.

Како што молитвата стана редовен дел од мојот живот, добив храброст повторно да почнав да сонувам. Најдов причина да живеам.

Сеќавајќи се на мојата поранешна девојка, верник во адвентистичката црква, решив да почнам да одам во нејзината црква. Размислував како ќе се чувствувам на богослужбата во сабота. Чувството ме изненади.

Од моментот кога стапнав во црквата, копнеев да бидам крстен.

Кога заврши богослужението, веднаш решив да ги проучувам темите за подготовка за крштева-

## Во врска со искуството

- Замолете машко лице да ја раскаже оваа сторија како свое лично искуство.

  Преземете слики од Facebook bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Мисионската приказна ги изнесува ставовите на христијанската адвентистичка црква. Проектот "Јас ќе одам", зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за оживување на концептот на светската мисија, жртвување за мисијата со цел сите верници а не само пасторите да бидат вклучени во радоста на сведочењето за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници во црквата кои ќе учествуваат во личните и евангелските иницијативи во кои ќе бидат вклучени сите верници. Повеќе информации за стратешкиот проект на христијанската адвентистичка црква "Јас ќе одам" ќе дознаете на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Голем дел од Ангола порано бил покриен со густа прашума. Но, значително е проретчена поради земјоделското земјиште и дрвната индустрија. Денес, површината на Ангола е покриена со савани, ниска вегетација и ретки шуми. Пожарите, предизвикани од човечка рака или од природата, често може да се забележат во саваните. Дрвјата што можат да се видат во саваните обично се отпорни на оган. Во пустината Намиб, на крајниот југозапад, може да се најде растението „Тумбоа" (Weltwitschia mirabilis), кое има длабок корен и два широки, рамни лисја долги околу 3 метри.

  Националното дрво во Ангола е „Imbondeiro", џиновско дрво познато како Баобаб.

ње. За разлика од тогаш кога бев мало момче, сега сакав да научам за важноста на крштевањето, да се подготвам за тоа.

На семинарот за прв пат дознав за Исусовиот план на спасение. Реалноста на љубовта на Исуса кон мене растеше, како и желбата да му го предадам срцето Нему со крштевање.

Денес можам да кажам дека конечно сум слободен. Живеам од ден во ден со вистински мир и неверојатна радост. Конечно, имам цел и одговорност во животот – да доведам души кај нашиот Спасител и Творец. Порано го користев моето влијание за да ги водам душите во пеколот, денес со Христова помош, сакам да ги водам кон небото.

Дел од даровите на 13-тата сабота во ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на адвентистичко училиште во родниот град на Граса, Луанда.

Ви благодариме што планирате да одвоите великодушни средства и да ги поддржите мисионските активности на Христијанската адвентистичка црква.





# Исфрлен

**Мануел Салвадор Туинда, 19**

Моето семејство ме воспита во духот на евангелската црква во Ангола, а јас се крстив со посипување вода кога имав 14 години.

Меѓутоа, не бев задоволен со моите спознанија за Бога. Нешто не беше во ред. Особено бев збунет од учењата на Христијанската адвентистичка црква. Размислував за вистинскиот Господов ден и си го поставува себеси прашањето: „Зошто адвентистите ја слават сабота како седми ден, а другите протестантски цркви го слават првиот ден од седмицата како ден за одмор?

Ова прашање никогаш не излегуваше од моите мисли, и на крајот прашав неколку водачи на мојата црква барајќи одговор.

„Зошто адвентистите одат во црква во сабота, а ние во недела?"

Црковните водачи зборуваа за славењето на Исусовото воскресение од мртвите во недела. Меѓутоа, никој од нив не можеше да ми покаже стих од Библијата во кој се вели дека Исус го сменил денот на празнување од сабота во недела. Не ми беше доволно објаснувањето на црковните водачи.

Почнав да ги гледам емисиите на ТВ каналот „Надеж". Говорниците во емисијата ги кажуваа своите размислувања дека седмиот ден, сабота, е дел од Божјите заповеди.

Видов дека Бог го одвоил седмиот ден, саботата, ја посветил уште при создавањето на светот и дека Исус ја празнувал саботата додека живеел на земјата.

Мојата потрага по одговор на прашањето за саботата беше задоволено. Разбрав зошто адвентистите ја празнуваат саботата како седми ден, и решив и јас да го славам вистинскиот Господов ден.

Две години по моето крштевање со попрскување, сакав да се крстам со потопување, на ист начин како што бил крстен Исус. Сакав да се приклучам на Христијанската адвентистичка црква.

Татко ми беше бесен кога му го кажав тоа. Ме избрка од дома. Морав да се преселам кај неговата сестра, кај тетка ми. Иако повеќе не живеев со моите родители, тензиите продолжија да растат. Роднините ми се заканија дека ќе ме тужат, а јас не бев сигурен каде да живеам. Продолжив да одам во црква во сабота, одбивајќи да се откажам од желбата да се крстам.

## Во врска со искуството

- Замолете едно женско лице да ја раскаже оваа сторија како нејзино лично искуство.
- Преземете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.
- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Целта на духовниот раст бр. 5, „За живот исполнет со дух на учениците, поединците и семејствата“; Целта на духовниот раст бр. 7, „Да им се помогне на младите и на возрасните да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Проектот за отворање на училиште во Луанда ја илустрира целта на Мисијата бр. 4, „Да ги зајакнеме институциите на Христијанската адвентистичка црква во зачувувањето на слободата, целокупното здравје и надежта преку Исусовото дејствување во обновувањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Знамето на Ангола е црвено, црно и златно. Значењето е вклучено во уставот на Ангола: црвената ја претставува крвта на Анголците загинати во конфликти, црната го претставува анголскиот народ, а златото го претставува богатството. Запченикот на знамето ја претставува индустријата, мачетата го претставува селанството, а златната ѕвезда е моделирана според ѕвездата на знамето на поранешниот Советски Сојуз.

Ангола е многу богата со природни ресурси и е втор најголем производител на нафта и дијаманти во субсахарска Африка.

Пасторот на мојата поранешна црква стапи во контакт со татко ми и тие ме убедија да се преселам во домот на пасторот. Пасторот беше решен да ме убеди да се вратам во неговата црква. Зборуваше со мене, се молеше следните три седмици. Меѓутоа, тој не можеше да ми покаже ниту еден стих од Библијата во кој се вели дека Бог го променил денот на празнувањето на саботата во првиот ден од седмицата, недела.

На крајот, ме замоли да го напуштам неговиот дом.

Се чинеше дека работите не можат да бидат полоши во тоа време. Сепак, тие почнаа да се подобруваат.

Како што секојдневно ја читав Библијата, сè повеќе и повеќе се запознавав со Бога и со Неговата љубов. Дознав за книгите на Елена Вајт и почнав да ги читам.

На слава на Бога, се крстив со нурнување во адвентистичката црква „Нов Ерусалим“ во Луанда во 2021 година.

Му благодарам на Бога за неволјите низ кои поминав.

Тие борби ме направија посилен воин во војската на нашиот Спасител

и ја зајакнаа мојата доверба во прекрасната сила на Исуса Христа.

Раните ми зараснаа и лузните ми останаа, но јас сум среќен во Господа.

Ве молам, придружете ми се во молитвите кон Бога, за да можам да ги освојам срцата на моите најблиски, за да можеме повторно заедно да го славиме Бога како семејство.

Дел од даровите на 13-тата сабота ова тримесечје ќе помогнат да се отвори адвентистичко училиште во родниот град на Мануел, Луанда. Неопходно е и многу други деца да имаат можност да ги слушнат одговорите на нивните прашања за Исус. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства за мисионскиот дар.

## Програма на 13-тата сабота
## 25 јуни 2022

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Богатство не сакам“, од песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 306 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Чудна приказна“ |
| **Дар** | Замолете ги децата, додека се приложува дарот, да ја пеат песната „Исус ме сака“ |
| **Завршна песна** | „Земја на радост нè чека нас“, од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 30 |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка:(Учесниците не мора да ги запаметат нивните делови, но за да биде доволно запознаени со материјалот, така да не мора да прочитате што од сценариото. Воз себе целата програма, така што учесниците можат да се чувствуваат удобно и, доколку е потребно, нагласи она што го сметаат за важни.)*



# Чудна приказна

**Милагре Брага Каминџао, 22**

Моето име значи „чудо“. Мојата приказна е чудна – но можеби не како што очекувате.

Растејќи во христијански дом во Ангола, бев верен на учењата на мојата црква и работев како мисионер во мојата родна провинција.

Но, кога на 14-годишна возраст се преселив во главниот град Луанда, не можев да најдам верска заедница што припаѓа на мојата деноминација.

Одбив да одам на богослужение во некоја друга црква, бидејќи мислев дека само мојата црква правилно ја разбира Библијата.

Така, една година го славев Бога сам во мојот дом во недела.

Кога се вратив во мојот роден град, појдов во посета на роднините и дознав дека една библиска учителка и неколку мои пријатели се преобратиле во Христијанската адвентистичка црква.

Оваа вест ме вознемири, и јас остро ги критикував моите пријатели. „Како можевте да ги прифатите учењата на друга црква?“ им викав.

Тие не се расправаа со мене.

Еден ден отидов во домот на една некогашна библиска учителка за да ја прашам зошто се преобратила во адвентистичката црква.

Таа ме поздрави со насмевка на лицето. Додека го поставував моето прашање, таа ми објасни дека од Библијата научила дека Бог го благословил седмиот, а не првиот ден од седмицата.

Ми прочита стихови од Библијата кои покажуваат дека Бог го посветил седмиот ден како печат на своето создавање: „Така беа довршени небото и земјата со сето свое воинство. И на седмиот ден Бог ги заврши Своите дела, што ги направи. И се одмори во седмиот ден од сите Свои дела, што ги направи. И Бог го благослови седмиот ден, и го освети, зашто во него се одмори од сите Свои дела, кои ги создаде Бог и ги направи“ (1. Мојсеева 2,1-3).

И тогаш, таа ми покажа дека Бог го воспоставил седмиот ден како одмор во четвртата заповед: „Помни го саботниот ден, за да го осветуваш. Шест дена ќе работиш и ќе ги вршиш сите свои работи. А седмиот ден е сабота Господова, на твојот Бог. Тогаш никаква работа не ќе работиш: ни ти, ниту твојот син, ниту твојата ќерка, ни твојот слуга, ниту твојата слугинка, ниту твојот добиток, ниту странецот што е внатре во твоите порти“ (2. Мојсеева 20,8-10).

Гледајќи ме со блага насмевка на лицето, таа рече: „Решив да го следам Исуса со целото мое срце“.

## Во врска со искуството

- Замолете помладо машко лице да го раскаже како свое лично искуство.

Милагре се моли за уште едно чудо. Тој бара луѓето од молитва ширум светот да се обединат во молитва за спасение на членовите на нивните семејства кои не веруваат, вклучително и за спасение на неговото семејство.

Преземете слики од Facebook bit.ly/fb-mq.

- Преземете ги мисионските објави и брзите факти од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија: bit.ly/sid-2022.

- Оваа мисионска сторија ги илустрира ставовите на христијанската адвентистичка црква. Целта на духовниот раст бр. 5, „За живот исполнет со дух на учениците, поединците и семејствата“; Целта на духовниот раст бр. 7, „Да им се помогне на младите и на возрасните да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да бидат пример за библискиот поглед на светот“. Проектот за отворање на училиште во Луанда ја илустрира целта на Мисијата бр. 4, „Да ги зајакнеме институциите на Христијанската адвентистичка црква во зачувувањето на слободата, целокупното здравје и надежта преку Исусовото дејствување во обновувањето на Божјиот лик кај луѓето. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Просечниот животен век во Ангола е 54,5 години, и за мажи и за жени.

Анголската традиционална музика се нарекува Семба. Името доаѓа од зборот Масембу што значи „допир на стомакот“. Бразилската самба, која е слична, се верува дека потекнува од Ангола. Анголската самба се изведува за време на прослави и во посебни пригоди.

Нејзината приказна ми беше сосема чудна, и не можев да се согласам со нејзиното размислување.

Таа се понуди да ја проучува Библијата со мене околу прашањето за саботата како ден за одмор, но јас одбив понатаму да ја слушам.

Кога се вратив во Луанда, се обидов да се вратам на старата работна рутина, но не можев да ги отстранам зборовите на библиската учителка од мојот ум.

Имав проблеми на работа, а и проблеми со спиењето. Одлуката на библиската учителка да ја празнува саботата не ми даваше мир ни дење ни ноќе.

На крајот, решив да одам во адвентистичка црква и да дознаам зошто нејзините верници го слават седмиот ден, сабота. Ми требаше мир во срцето.

Следната сабота отидов на богослужение во адвентистичка црква. Никогаш порано не сум зачекорил во некоја друга деноминација, но бев решен да го најдам мирот. Ми требаше чудо.

Некој му спомнал на црковниот водач дека имам прашања во врска со саботата, па тој ми прииде и ми ги покажа во Библијата истите стихови што ми ги читаше библиската учителка.

Останав на саботното богослужение. Проповедта не

ме заинтересира нешто особено. Беше сосема поинаква од проповедите што можев да ги слушнам во мојата црква и не ми се допадна.  Меѓутоа, следната сабота повторно дојдов во таа црква. И две саботи една по друга одев на тоа место.

Во следните пет години, секоја сабота одев во адвентистичката црква, не затоа што сакав, туку затоа што не можев да ја најдам мојата деноминација во градот.

За тоа време се придружив на една групата за проучување на Библијата во домот на еден од верниците и на групата која се подготвува за крштевање, организирана во црквата за време на викендите. Полека почнав да сфаќам дека Бог навистина ја издвоил саботата како свет седми ден и во моето срце растеше љубовта кон Него.

Решив да ја празнувам само саботата.

Кога наполнив 19 години, се крстив во Христијанската адвентистичка црква.

Денес, мојот живот е исполнет со мир и радост. Исус рекол: „И ќе ја запознаете вистината и вистината ќе ве ослободи“ (Јован 8,32).

Ја најдов вистината. Господ ми даде слобода и благодат. Тоа е навистина чудно.

Денешниот дар на 13-тата сабота ќе биде употребен на 4 проекти во татковината на Милагро, Ангола:

- Изградба на адвентистичко училиште во Луанда.
- Изградба на адвентистичка црква и основно училиште во градот Белизе.
- Изградба на центар за советување и борба против семејно насилство во градот Ломбе.
- Изградба на блок машки спални соби на Адвентистичкиот универзитет „Ангола“ во градот Хуамбо.

Денешните дарови ќе се употребат и за проекти во Малави и островската држава Мајот.

Ви благодариме што планирате да издвоите средства и великодушно да ги приложите за напредок на Божјото дело.

*(Собирање на дарот придружено со инструментална музика)*

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проекти што ќе бидат во фокусот на следното тримесечје од Јужноамериканската дивизија на Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден:

- **Изградба на 4 цркви во Боливија:** во Кочабамба, Ел Алта, Ла Паз, Тринидад.
- **Изградба на 4 цркви во Бразил:** Броди, Мауаи, Рибеирао Прето, Сантос.

## Извор на информации за читателите

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, со видео извештаи од Јужноафриканската индискоокеанска дивизија и пошироко. Преземете или проследувајте од веб-страницата на мисијата на адвентистите на bit.ly/missionspotlight.

Следниве веб-страници може да бидат корисни:

| | |
|---|---|
| Websites | |
| Angola: government website | bit.ly/AngolaGovt |
| Nations Online | bit.ly/NationsOnlineAngola |
| Wikitravel | bit.ly/WikitravelAngola |
| Namibia: government website | bit.ly/NamibiaGovt |
| United Nations | bit.ly/UnitedNationsNamibia |
| Explore Namibia | bit.ly/Explore_Namibia |
| South Africa: government website | bit.ly/SAGov |
| Lonely Planet | bit.ly/LP-SAfrica |
| Wikitravel | bit.ly/WT-SAfrica |
| Zambia: government website | bit.ly/ZambiaGovt |
| Britannica | bit.ly/BritannicaNamibia |
| Zambia Tourism | bit.ly/ZambiaTourism |
| Zimbabwe: government website | bit.ly/ZimbabweGovt |
| World Factbook | bit.ly/WFBZimbabwe |
| Wikitravel | bit.ly/WikitravelZimbabwe |
| Seventh-day Adventist | |
| Southern Africa-Indian Ocean Division | bit.ly/SDA-SID |
| North-Eastern Angola Union Mission | bit.ly/NEAUnionMiss |
| South-Western Angola Union Mission | bit.ly/SWAUnionMiss |
| Southern Africa Union Conference | bit.ly/SAUnionConf |
| Northern Zambia Union Conference | bit.ly/NZambiaUC |
| Southern Zambia Union Conference | bit.ly/SZambiaUC |
| Zimbabwe Central Union Conference | bit.ly/ZCUnionConf |
| Zimbabwe East Union Conference | bit.ly/ZEUnionConf |
| Zimbabwe West Union Conference | bit.ly/ZWUnionConf |

**Адвентистичкото мисионско DVD** е бесплатен прилог на списанието во кое можат да се видат искуствата од земјите за коишто зборувавме, како и за Светската мисија на Адвентистичката црква. Замолете го водачот на саботата школ да ви даде една копија од ова DVD или оди на www.Adventist-Mission.org; www.AdventistMission.org/dvd.

**Мисионското списание** и на социјалната мрежа Фејсбук. Читајте, коментирајте, споделувајте, ставете „ми се допаѓа“ на нашите искуства на www.facebook.com/mission-quartelies.


АДВЕНТИСТИЧКА
МИСИЈА
ЗА МЛАДИ & ВОЗРАСНИ

**Градиво за саботна школа 2/2022**

**ВЕСТИ - ИСКУСТВА ОД СВЕТОТ**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Подготовка и техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**